Дневни билтени

2015

- Февруари
- Март
- Април
- Мај
- Јуни
- Јули
- Август
- Септември
- Октомври
- Ноември
- Декември

2016

2017

2018

2019

2020

## Извадок на дел од дневни настани 12.10.2020

На 11.10.2020 околу 16.00 часот на подрачјето на Центар, во близина на Средно Водно, од страна на полициски службеници од СВР Скопје бил лишен од слобода Е.Ш.(28) од Скопје, бидејќи при преглед кај него била пронајдена марихуана. Лицето е предадено на полициски службеници од Полициска станица Центар за понатамошна постапка, а по документирање на случајот ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 11.10.2020 околу 13.10 часот во Скопје, на ул.„Христијан Тодоровски Карпош" се случила сообраќајна незгода помеѓу патничко возило „фолксваген голф", со скопски регистарски ознаки, управувано од И.А.(23) и мотоцикл „агуста", со дебарски регистарски ознаки, управувано од М.И.(24), и двајцата од Скопје. Во незгодата, М.И. и сопатникот од мотоциклот П.А.(22) се здобиле со тешки телесни повреди, констатирани во Градската општа болница „8 Септември", а И.А., Ј.С.(25) од с.Грчец и уште еден малолетен сопатник од патничкото возило „фолксваген голф", се здобиле со телесни повреди, констатирани во Градската општа болница „Св.Наум Охридски", каде биле пренесени за укажување на лекарска помош. Увид извршен.

На 11.10.2020 во 12.30 часот во с.Трубарево, скопско, се случила сообраќајна незгода во која учествувале патничко возило „бмв", со скопски регистарски ознаки, управувано од Д.Д.(72) од Скопје, малолетен пешак од с.Трубарево и мотор „баутијан", управуван од И.Ќ.(40) од с.Долно Лисиче, скопско, кој починал на местото на незгодата. Д.Д. и малолетниот пешак се пренесени во Комплекс клиники „Мајка Тереза", каде кај малолетниот пешак биле констатирани тешки телесни повреди, а кај Д.Д. телесна повреда. Увид на местото на незгодата извршила увидна екипа на СВР Скопје, а по наредба на Јавен обвинител телото на починатиот мотоциклист ќе биде предадено за обдукција.

На 11.10.2020 во 14.00 часот во Струга од полициски службеници од ОВР Струга бил лишен од слобода Ј.Д.(20) од Р.Албанија, поради постоење основано сомнение за сторено кривично дело „спречување на службено лице во вршење на службени дејствија", казниво согласно чл.382 став 3 од Кривичниот законик. По насока на Јавен обвинител лицето е задржано во Полициска станица Струга за понатамошна постапка.

На 11.10.2020 во 13.50 часот на магистралниот пат Прилеп – Битола, во близина на бензиска пумпа, се случила сообраќајна незгода помеѓу патничко возило „фолксваген голф", со скопски регистарски ознаки, управувано од А.И.(31) од с.Канатларци, прилепско, и мотоцикл „сузуки", без регистарски ознаки, управуван од Х.Н.(25) од Прилеп. По незгодата, Х.Н. е пренесен во Градската болница Прилеп за укажување на лекарска помош, каде му биле констатирани тешки телесни повреди. Увид на местото на незгодата извршила увидна екипа на ОВР Прилеп.

На 12.10.2020 во 07.45 часот во СВР Скопје, А.Џ.(40) од Скопје пријавил дека на ул.„Костурски херои" бил каснат од куче скитник.

На 11.10.2020 околу 08.30 часот во СВР Скопје било пријавено дека во Градската општа болница „Св.Наум Охридски" во Скопје биле донесени повредени А.А.(37) од Скопје и А.Д.(26) од с.Брест. Полициски службеници излегле на местото на настанот, а при извршен разговор со А.А., тој кажал дека заедно со А.Д. се здобиле со повреди откако само се придвижило товарно возило „мерцедес", со скопски регистарски ознаки, кое било паркирано на улица помеѓу с.Брест и с.Малино Маало. Притоа, кај А.А. биле констатирани тешки телесни повреди, а кај А.Р. телесни повреди. За настанот е известен Јавен обвинител, а увид е извршен од екипа од СВР Скопје.

На 11.10.2020 во 10.40 часот на место викано „Дабче", во атар на с.Мренога, од полициски службеници биле затекнати во криволов Ј.Е.(45) од с.Жван, А.Ј.(48) од с.Вардино, М.К.(51) и З.Д.(52) од Демир Хисар. Од Надворешната канцеларија за криминалистички работи Демир Хисар против лицата ќе биде поднесена кривична пријава, поради постоење основано сомнение за сторено кривично дело по чл.228 од Кривичниот законик.

На 11.10.2020 во 14.45 часот во Тетово од полициски службеници од СВР Тетово биле лишени од слобода М.С.(21) и Ј.А.(20), двајцата од с.Горна Бањица, гостиварско, бидејќи кај нив била пронајдена марихуана. По целосно документирање на случајот, против нив ќе биде поднесен соодветен поднесок

На 11.10.2020 во 18.00 часот во Полициско одделение Велушница-Битола, А.С.(41) од с.Дрслајца, струшко, фудбалски судија, пријавил дека околу 15.45 часот во с.Кравари, на фудбалски натпревар, бил физички нападнат од А.Р.(25) од Битола, Ј.Ќ.(23) и А.М.(32), двајцата од с.Грнчари, ресенско. Додека Ј.Ќ. пријавил дека додека бил во прекин фудбалскиот натпревар во с.Кравари, бил физички нападнат од Г.Л.(43) од Струга, помошник фудбалски судија. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 11.10.2020 година околу 16.00 часот, во дебарското село Отишани бил нарушен јавниот ред и мир со физичка пресметка помеѓу Е.К.(45) и А.С, (41), двајцата од истото село. Притоа, при претрес во домот на А.С., пронајден е и одземен пиштол, за кој не поседувал соодветна документација. По целосно расветлување на случајот, ОВР Дебар ќе поднесе соодветна пријава.

На 11.10.2020 во 12.05 часот на магистралниот пат А2 се случила сообраќајна незгода во која А.Б.(22) од Скопје, управувајќи мотоцикл „јамаха",со скопски регистарски ознаки, изгубил контрола и удрил во метална ограда. По незгодата, А.Б. е пренесен во Ургентен центар Гостивар за укажување на лекарска помош, каде му биле констатирани тешки телесни повреди. Увид на местото на незгодата извршила увидна екипа на ОВРГостивар.

На 11.10.2020 во 00.40 часот во Полициска станица Тетово, Б.А.(21), А.Џ.(23) и К.Ф.(26), сите од Тетово, пријавиле дека на 10.10.2020 околу 22.00 часот, пред угостителски објект на подрачје на Тетово, додека биле заедно со И.М.(21) од Тетово, биле физички нападнати со тврди предмети од неколку лица. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 11.10.2020 околу 16.00 часот на општинскиот пат на локалитетот „Бабуна", на место викано „Трети вир", малолетничка од Велес, управувајќи велосипед, изгубила контрола и паднала на коловозот. По незгодата, таа била пренесена во Општа болница Велес, каде ѝ биле констатирани тешки телесни повреди. Увид извршила увидна екипа на СВР Велес.

На 11.10.2020 во СВР Тетово е пријавено дека околу 09.00 часот во с.Чифлик, на место викано „Мејдан", при вршење на градежни работи, пронајден е еден рачен ракетен фрлач 90 мм. Увид на лице место извршила увидна екипа на СВР Тетово, а од страна на Дирекцијата за заштита и спасување истиот е безбедно подигнат.

На 11.10.2020 во 22.20 часот во СВР Скопје, М.С.(35) од Скопје пријавил дека околу 22.00 часот пред бензинска пумпа на подрачјето на Гази Баба бил физички нападнат од две лица. Се преземаат мерки за расчистување на случајот, по што ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 11.10.2020 во 20.30 часот во СВР Скопје, А.А.(66) од с.Бадар пријавил дека околу 17.30 часот, пред продажен објект во с.Катланово, бил физички нападнат од неговиот син А.А. и три лица. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 11.10.2020 околу 20.00 часот на подрачјето на Аеродром, наспроти „Мајчин дом", бил лишен од слобода Т.Ј.(30) од Скопје, затоа што нападнал полициски службеници кои преземале мерки по пријава дека насилно се однесува и го крши инвентарот во продажен објект на истата локација, а за истиот било пријавено дека околу 19.50 часот физички ја нападнал и А.Т.(50) од Скопје. Пријавениот е предаден на полициски службеници од Полициска станица Аеродром. Се преземаат мерки за расчистување на случајот по што ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 12.10.2020 во 03.31 часот во СВР Штип било пријавено дека во близина на автобуската станица во Штип, И.С.(19) од Кочани бил физички нападнат од неколку лица. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 11.10.2020 во 19.10 часот во СВР Тетово, Г.С.(60) од Тетово пријавил дека во населба Поток бил каснат од куче скитник.

На 11.10.2020 околу 22.10 часот во СВР Скопје бил приведен Е.Г.(37) од Скопје, бидејќи почнал да се однесува агресивно и упатувал навреди кон полициски службеник кој извршувал службени дејства. По целосно расчистување и документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 11.10.2020 во 21.10 часот во Полициско одделение Групчин, З.С.(55) од с.Стримница пријавил дека неговата ќерка Г.С.(35) од с.Стримница се оддалечила од домот. Се преземаат мерки за пронаоѓање на лицето.

На 12.10.2020 во 01.20 часот во СВР Тетово, В.Ј.(37) од с.Брвеница пријавил дека околу 00.30 часот во с.Брвеница неговиот малолетен син бил физички нападнат од М.Б.(25) од с.Брвеница. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 11.10.2020 околу 22.00 часот пред обложувалница на подрачје на Бит Пазар од полициски службеници од СВР Скопје бил приведен Е.С.(35) од Скопје, бидејќи се однесувал агресивно кон полициски службеници кои вршеле службени дејства. Е.С. е предаден на полициски службеници од Полициска станица Бит Пазар за понатамошна постапка.



Секој упад и злоупотреба на веб страницата на МВР е казнив по член 251 од КЗ на Република Северна Македонија

Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје.

тел: +389 (0)2 3 117 222 факс: (02)3112468 е-пошта: kontakt@moi.gov.mk

Изработено од Унет